## ЛИГНИКОЛНИ ВИДОВИ ГАБИ, ПЛОДНОТО ТЕЛО Е ВО ФОРМА НА ПОТКОВИЦА ИЛИ ПЛОДНИТЕ ТЕЛА СЕ ПОДРЕДЕНИ КАКО КЕРАМИДИ; РЕТКО СО ДРШКА

1. Хименофорот е мазен (*Stereum*) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **28**
1.* Хименофорот е со пори или ламели . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **2**
2. Хименофор со пори . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **4**
2*. Хименофор со ламели . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **3**
3. Со нормални ламели . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Pleurotus ostreatus***
3*. Со разделени ламели . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Schizophyllum commune***
4. Порите се округли или овални . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **7**
4*. Порите се лабиринтни . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **5**
5. Порите се типично лабиринтни . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **6**
5*. Порите не се типично лабиринтни, потсетуваат на ламели . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Lenzites betulina***
6. Расте на пенушки од *Quercus* (даб) . . . . . . . . . . . . . . . . ***Daedalea quercina***
6*. Најчесто расте на *Salix* (врба) . . . . . . . . . . . . . . . . ***Daedaleopsis confragosa***
7. Плодното тело е со дршка, шапката е најчесто покриено со лушпи или мазна . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **8**
7*. Плодните тела се во форма на потковица или подредени како керамиди, без лушпи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **13**
8. Плодните тела се многубројни мали шапки, со заедничка дршка, со темносива боја, хименофор е со бела до крем боја . . . . ***Grifola frondosa***
8*. Плодните тела се поединечни, или во групи од неколку претставници . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **9**
9. Шапката е со големи димензии (2-60 cm во пречник), покриена со лушпи или како лакирана . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **10**
9*. Шапката е со мали димензии (3-10 cm во пречник) . . . . . . . . . . . . . . . . **12**
10. Површината на шапката е покриена со лушпи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **11**
10* Површината на шапката е како лакирана . . . . . . . . . ***Ganoderma lucidum***
11. Дршката е скоро централно поставена и тенка (до 1,5 cm), порестиот слој на хименофорот е слабо декурентен (постепено се спушта кон дршката), расте на почва или на паднати гранки од листопадни дрвја . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Polyporus tuberaster***
11*. Дршката е често латерална и релативно кратка, дебела (до 5 cm), порестиот слој на хименофорот е силно декурентен (директно се спушта кон дршката), расте на гнили листопадни дрвја . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Polyporus squamosus***
12. Дршката во основата е црна . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Polyporus varius***
12*. Дршката во основата не е црна . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Polyporus arcularius***
13. Плодните тела се во форма на потковица . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **14**
13*. Плодните тела се подредени како керамиди . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **23**
14. Со светло сива боја, опасен паразит на бука . . . . . . . . ***Fomes fomentarius***
14*. Со кафеава боја . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **15**
15. Со црвена линија по работ на плодното тело . . . . . . . ***Fomitopsis pinicola***

15*. Без црвена линија по работ на плодното тело, со темнокафеава боја . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **16**

16. Хименофорот е со светла боја, бела до светлокафеава . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Ganoderma applanatum***

16*. Хименофорот е со темна боја, циметна до темнокафеава . . . . . . . . . . **17**

17. Плодните тела се едногодишни, со мека конзистенција, отворите на порите се лацератни (раскинати) . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Inonotus hispidus***

17*. Плодните тела се повеќегодишни, со тврда конзистенција, отворите на порите се правилни . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **18**

18. Паразит на дива фоја (*Juniperus excelsae*), трамата е ’рѓаво црвено обоена . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Pyrofomes demidoffii***

18*. Паразит на други дрвја, трамата е темнокафеава (*Phellinus*) . . . . . . . . **19**

19. Растат на иглолисни дрвја . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **20**

19*. Видови кои растат на листопадни дрвја . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **21**

20. На *Abies* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Phellinus hartigii***

20*. На *Pinus* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Phellinus pini***

21. На јасика *Populus tremulae* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Phellinus tremulae***

21*. На други листопадни дрвја . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **22**

22. На *Salix* (врба) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Phellinus igniarius***

22*. На *Prunus* (слива, јаболка) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Phellinus pomaceus*** (*Phellinus tuberculosus* syn.)

23. Плодните тела се со сулфурно жолта боја . . . . . . . ***Laetiporus sulphureus***

23*. Плодните тела се различно обоени, со концентрични зони на горната површина . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **24**

24. Порите се неправилни . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **25**

24*. Порите се правилно округли . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **26**

25. Хименофорот е сив до сивокафеав, сапроб на листопадни дрвја . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Cerrena unicolor***

25*. Хименофорот е со виолетови нијанси, сапроб на иглолисни дрвја . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Trichaptum abietinum***

26. Хименофорот е светло до темносив, слојот на цевчињата е одвоен со тенка темна линија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Bjerkandera adusta***

26*. Хименофорот е белузлав, сивкав или кафеав (*Trametes*) . . . . . . . . . . **27**

27. Горната површина со крупни густи влакна, со еднобојни концентрични зони . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Trametes hirsuta***

27*. Горната површина е кадифеста, со добро изразени разнобојни концентрични зони . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Trametes versicolor***

28. Химениумот при засекување поцрвенува . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **29**

28*. Химениумот при засекување не поцрвенува, со жолта до окер боја; има јасно видливи влакненца на горната површина на плодното тело . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Stereum hirsutum***

29. Сапроби на паднати гранки и пенушки од листопадни дрвја . . . . . . . . **30**

29*. Сапроби на паднати гранки и пенушки од иглолисни дрвја . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Stereum sanguinolentum***

30. Сапроби на *Quercus* (даб) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . ***Stereum gausapatum***

30*. Сапроби на *Alnus, Corylus, Betula, Fagus* . . . . . . . . . . . . . ***Stereum rugosum***